**Република Македонија**
**Проект за управување со здравствениот сектор**

**Заем на ИБОР # 4733**

# МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ ЗА ЛЕКАРИ, СТОМАТОЛОЗИ И ФАРМАЦЕВТИ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕТТАТА ПОСЕТА 3 - 8 декември 2006 година**

**Џуди Мекким**

**Декември 2006 година**

Содржина Страна

Признанија………………………………………...………………………… 3

Вовед ………………..……………………...……………………………. 3

Резиме за посетата и активности ………………………………………….. 3

Евалуација на програмата за ОО ………………………………….. 3

Состанок со работната група...................................................... 3

Тековни работилници............................... ……………………… 4

Набљудување на фармацевтскиот испит ...................…….…… 5

Заклучоци и препораки.......................................................…………… 8

Идни обуки и развој.......................................................................8

Односот помеѓу додипломската наставна програма и периодот на стажирање...................................................................9

Меѓу – професионално работење и учење...................................10

Детални резултати од евалуацијата на програмата за ОО....................11

**Анекс**

Анекс 1 Ажуриран работен план и клучни меѓници……………….. 17

# Признанија
Консултантите би сакале да се заблагодарат на Др. Катерина Веновска, Светската Банка, претседателите и другите претставници од лекарската, стоматолошката и фармацевтската комора и на професионалните здруженија; Деканите и другите претставници од медицинскиот, стоматолошкиот и фармацевтскиот факултет; персоналот при Министерството за здравство и ЕКП, сите членови на работните група за Подобрување на квалитетот на здравствените услуги и лиценцирање, на сите учесници во програмата за обука, како и на преведувачите.


# Вовед
Во овој извештај се резимирани исходите од петтата мисија во Република Македонија од страна на Џуди Мекким и нејзиниот асистент, Анита Андервуд (консултантите од ОК), од 3 – 8 декември 2006 година. Оваа посета беше петта од низа на посети планирани да се спроведат за период од 12 месеци од февруари 2006 година до февруари 2007 година.

Целта на оваа посета беше да се работи со Др. Катерина Веновска (ЕКП) и работната група (РГ) во која се застапени трите медицински комори (Лекари, Стоматолози и Фармацевти) со цел да се спроведе Модул 1 од програмата за обучување на обучувачите (ОО) за втора група на околу седумдесет односно осумдесет едукатори, испитувачи и ментори. Консултантите исто така одржаа состанок со Работната група на 8 декември 2006 година за да ги планираат следните чекори во проектот и учествуваа во церемонијата на доделување на сертификати на првата акредитирана група на едукатори, ментори и испитувачи.

# Резиме од посетата и активности

Посетата се фокусираше на спроведување на првиот модул од програмата за втора група на обука за ментори, едукатори и испитувачи. Исто така во посетата се пружи прилика за едукаторите менторите и испитувачите од првата група да играат улога на фасцилитатори заедно со консултантите од ОК. Во посетата исто така се даде можност за идентификување на понатамошните потреби за обука и развој со кои ќе се поддржи стажирањето, испитувањата за лиценцирање, КПР и процесите на акредитација поврзани со лекарите, стоматолозите и фармацевтите во Македонија.

***Евалуација на програмата за ОО***
Програмата за обука имаше добро присуство (ЕКП ја има листата на учесници) и многу добро евалуирана, видете подолу за резултатите од евалуацијата на секоја од програмите.
Најголем дел од учесниците искажаа дека курсот ги задоволил нивните потреби за учење и дека нивното знаење и доверба во однос на програмата за ОО се зголемиле како резултат на учеството во курсот.

Конкретните аспекти на курсот за кои учесниците се изјаснија дека биле добри се:
- Работа во мали групи
- Организација и управување со времето во рамките на курсот
- Комуникациски вештини

- Пристапот и методите за учење и настава, употребени од страна на едукаторите во рамките на курсот (вклучувајќи теорија за учење на возрасни)
- Учење на нови методи на учење и настава
- Давање и добивање на повратни информации преку презентации поврзани со микро - настава
- Интерактивноста и можноста да се запознаат и работат со други наставници

Главната област за подобрување, подвлечена од страна на многу учесници, беше дека е потребно повеќе време за програмата за ОО за да се покријат сите идентификувани теми: курсот беше 'премногу набиен', да се вежбаат новите техники на учење/настава и подолго да се работи во мали групи. Тие исто така забележаа дека тие би сакале да ги имаат преведените материјали однапред и не ги добиле печатените верзии од презентациите со слајдови.

Беа идентификувани низа теми од страна на учесниците, за кои има потреба да бидат опфатени во иднина, вклучувајќи: комуникациски вештини, методи на оценување, давање и примање на повратни информации, вежбање на вештини за настава, примена на теоријата во пракса и нови методи на настава и основни вештини за советување.

***Состанок на работната група***
Беа одржани неформални дискусии со сите членови на работната група за подобрување на квалитетот на здравствените услуги и лиценцирањето, на поединечна и групна основа (имено: Др Климе Кајмакоски, стоматолошка комора на Македонија; Иванка Стефановска; лекарска комора на Македонија и медицински факултет; Спец. Др Зоран Стојановски, здравствен дом, Скопје; Проф Др Лидија Този-Петрушевска; претседател на фармацевтска комора; Др Катерина Веновска, асистент координатор, ЕКП при министерство за здравство) но немаше доволно точки на дневен ред за да има потреба за одржување на формален состанок.

Во неформалните дискусии се усогласија активностите што треба да се спроведат во текот на посетата во февруари 2007 година, се усвои извештајот од четвртата посета и се дискутираа опции за следни чекори во проектот.

***Тековни работилници***
Имаше само неколку неприсутни, освен оние кои ја информираа ЕКП дека ќе посетуваат конференции. ЕКП има детали за присутните и неприсутните.

Со обуката во февруари ќе се заврши модул 2 од обуката за втората група на едукатори, испитувачи и ментори. Сите учесници ги добија сите материјали за обука за двата модула заедно со сите документи и ЦД-Ром со слајдовите и статиите од списанија. По дискусии со ЕКП и Работната група, временската динамика ќе биде прилагодена во склад до искуството од Модул 1 со цел да им се овозможи на сите учесници да ги комплетираат оценувањата во текот на наставата лице в лице во вториот модул.

Учесници од првата група кои ги завршија модул 1 и 2 задоволително асистираа на Џуди Мекким и Анита Андервуд при спроведувањето на програмата за ОО на

втората група на испитувачи, едукатори и ментори. Петнаесет слушатели од секоја од трите групи учествуваа во полудневна сесија во декември со тоа што другите петнаесет ќе учествуваат во февруари.  Ова беше многу ефективно во смисла на тоа дека учесниците од правата група забележаа дека добиле и научиле повеќе од фасцилитирањето, додека втората група се здоби со придобивки од тоа што имаа македонски фасцилитатори кои им ги објаснуваа работите и работеа заедно со нив.

**Набљудување на стоматолошкиот испит –** беше усогласено дека консултантите од ОК ќе ги набљудуваат стоматолошките оценувања во февруари 2007 година.

Преведените услови за ревалидација од страна на лекарската комора сеуште не се добиени од страна на консултантите од ОК.

Беше договорено дека вториот модул во февруари ќе се спроведе во Скопје на истото место како и претходно бидејќи ова е добро прифатено од страна на учесниците. Практичните аранжмани ќе бидат направени од страна на Др. Катерина Веновска.
Агендата за обука ќе биде како што следи:

| | |
|---|---|
| [Недела 11 февруари | Консултантите од ОК патуваат до Скопје] |
| Понеделник 12 февруари | Едукатори – Модул 2: сесии 1 и 2 |
| Вторник 13 февруари | Едукатори Модул 2, сесија 3 и Испитувачи Модул 2, сесија 1 |
| Среда 14 февруари | Испитувачи, Модул 2, сесии 2 и 3 |
| Четврток 15 февруари | Ментори – Модул 2: сесии 1 и 2 |
| Петок 16 февруари | Ментори, Модул 2, сесија 3<br>Церемонија за доделување на сертификатите на учесниците (ќе се утврди) |
| [Петок 16 февруари | Консултантите од ОК патуваат назад во ОК] |

Се планира одржување на состанок на работната група вечерта во четврток 15 февруари.

## ***Набљудување на испитите по фармација***

(Забелешка: голем дел од следниов опис е изваден од информациите дадени на кандидатите и испитувачите од страна на фармацевтската комора)

Државниот испит се состои од 2 дела, кои заедно опфаќаат

1. а) Познавање од областа на фармацевтското работење во услови на болничка и градска аптека

    - Анализа за рецепт, идентификација и разрешување на проблеми пред издавање на лек
    - Советување на пациентот
    - Стратегии и вештини поврзани со подготвувањето на фармацевтските форми; маркирање и складирање

   б) Клиничка фармација со фармакоинформатика

    - Анализа на клинички случај

- Дозирање и следење на терапијата
- Користење на извори на фармацевтски информации

2. Теоретска основа на фармацевтската пракса

    - Содржини опфатени во планот и програмата на стажирање

        - Секој дел од испитот носи одреден број на поени како што следи

            1. Дел 1а носи 30 поени
            2. Дел 1б носи 30 поени
            3. Дел 2 носи 40 поени

        - Секој дел од испитот се прави одделно во текот на еден ден
        - Во деловите 1 и 2 кандидатот треба да одговори барем 60% (18+18=36 поени)
        - Третиот ден кандидатот прави писмен тест со вкупно 40 прашања, за време од 1 час
        - Прашањата на писмениот тест содржат само еден точен одговор од вкупно 4 понудени
        - Точно одговорено прашање носи 1 поен
        - Писмениот тест се смета за положен ако барем 60% од прашањата се одговорени точно (24 поени)
        - Испитот се смета за положен ако кандидатот, на сите три сегменти добие најмалку 60% (вкупно 60% во сите горенаведени сегменти)

Оценување на испитот

Дел 1а: Фармацевтско работење во болничка и клиничка аптека

| | |
|---|---|
| Анализа на рецепт | |
| Идентификација на проблем<br>Разрешување на проблем<br>Советување на пациентот | |
| Подготвувањето на фармацевтските форми;<br>Маркирање и складирање | |
| Освоени поени | |

Дел 1б: Клиничка фармација

| | |
|---|---|
| Анализа на клинички случај | |
| Дозирање и следење на терапијата | |
| Користење на извори на фармацевтски информации<br>Идентификација на лек | |
| Освоени поени | |

Дел 2: Писмен тест

| | |
|---|---|
| Освоени поени | |

Консултантите од ОК ги набљудуваа Дел 1 и 2 од испитот: работа во болничка аптека и студиите на случај во клиничка фармација. Беше одлучено дека не е многу вредно да се набљудува писмениот тест.

Прво се набљудуваа три студенти кои беа испитувани од страна на комисија од три испитувачи (правник, фармацевт од аптеката и фармацевт оф факултетот). Оценувањето се одвиваше во вид на играње улоги каде еден од испитувачите ја презеде улогата на пациент односно негувател кој презентираше претходно подготвена група на рецепти на фармацевтот.  Сценаријата се сместени во база на податоци вклучувајќи и рецепти и возможни интеракции. Испитувачите можат да развијат и свои сценарија исто така, во согласност со критериумите и правилата. Постои сет на критериуми врз основа на кои се оценуваат сите студенти вклучувајќи точност при утврдување на рецептот, контра индикации за пациенти и интеракции на лекот. Тие исто така беа оценувани врз основа на нивната способност да ефективно да комуницираат со пациентот односно давателот на негата и да извлекуваат информации. Од студентите се очекуваше да имаат познавање за клиничките услови за кои се лековите се препишуваат како и за регулативите кои се во основа на препишувањето, механизмите за упатување и улогата на фармацевтот во однос на другите професионалци во здравството.

Второто набљудување ги вклучуваше истите три студенти кои правеа испит во однос на клинички сценарија. Студентите имаат до три часа да работат на развивање на протоколи и рецепти за клиничките фармацевтски случаи. Овие се сложени случаи и често пати вклучуваат пациенти со повеќекратна патологија и низа проблеми односно фармаколошки прашања кои треба да се одговорат. Испитот со отворена книга се одржува во компјутерска просторија, а студентите имаат пристап на интернет и други ресурси каков што би бил случајот во реална средина. Откога студентите ги идентификувале сите проблеми и ги одговориле сите прашања, потоа ги презентираат своите наоди на испитувачите. Постојат два испитувачи, фармацевт од аптеката и фармацевт од факултетот, овие се истите испитувачи кои го оценуваа претходното испитување.  Испитувачите му поставуваат прашања на студентот кој добива оценки во однос на поставени критериуми. Овие вклучуваат точност на информациите, како тие би му дале совет на пациентот, како и други релевантни прашања поврзани со случајот.

Откога ќе се спроведат сите оценувања, испитувачите ги собираат и усогласуваат нивните оценки и даваат усна повратна информација на студентот во однос на оценката за положување како и за други аспекти на работењето кои се добри како и оние каде треба подобрување.

Оценувањата се базирани на критериуми и се многу добро дизајнирани, сигурни и валидни. Постојат листови за оценување како и придружни документи достапни за испитувачите, а студентите изгледаа одлично подготвени. Критериумите се јасни. Комбинацијата на трите форми на оценување дава добар профил за спремноста на студентот да работи безбедно и стручно. Студентите добиваат повратни информации за нивното работење и на тој начин оценувањата се формативни како и сумативни.

Во дискусиите, слушнавме дека ниту еден студент не го паднал испитувањето до денес иако имало неколку кои биле на граница, ова е поради тоа што студентите нема да дојдат до оваа фаза без наставниот персонал и едукаторите и менторите да ги осознаат и разрешат нивните недостатоци. Воспоставен е добар систем на комуникација за идентификација на студентите кои имаат проблеми како и да го подобри оценувањето и севкупниот процес на учење.

Оценувачите изгледаа многу стручно и добро информирани, тие пружаа поддршка и ги охрабруваа студентите од една страна додека од друга страна останаа строги во однос на нивните очекувања. Просториите се многу добри и намерно градени за да одговараат на овој вид на оценување и учење.  Особено поставената болничка аптека овозможува симулациите да се спроведат многу ефективно. Оценувањата, иако опфаќаа релативно мал број, се многу добро спроведувани и организирани и претставуваат модел за пост – дипломско оценување.

## Заклучоци и препораки

Беа идентификувани низа прашања во текот на проектот кои треба да се споменат токму сега во претпоследниот извештај за дискусија од страна на Работната група пред завршувањето на проектот.

**Идни обуки и развој**

Јасно е дека постои реална побарувачка за програмата на обучување на обучувачите, како и за развој на образованието и наставните програми воопшто. Поради успехот на обуката на првата група на доктори, стоматолози и фармацевти во насока на поддржување на модернизацијата на процесот на лиценцирање, беше договорено да се изменат проектните задачи за да се предвиди обука на дополнителна група од 70-80 учесници во декември 2006 и февруари 2007 година. Седумдесет и четири учесници учествуваа во вториот циклус на обука.

Сепак, мала група на поединци не можеше да присуствува на оваа обука и може да има и дополнително побарување за обука на уште една група на лекари, стоматолози и фармацевти, за воведни едукативни методи.

Исто така, многу од учесниците во програмата за ОО изразија желба да го продолжат својот професионален развој во образованието. Особено можеше да се забележи дека оние кои претходно присуствувале на програмата за обука за КМЕ имаа повисоко ниво на вештини и познавања во однос на многу други учесници и ова ја одразува потребата за постојано обучување и развој. Три денови на обука се недоволни за развој, вежбање и оценување на вештините и стручноста во клиничката образовна теорија и методи, а постои многу голем ентузијазам кај учесниците да научат повеќе теоретски знаења и да ги вежбаат своите вештини на држење настава. Од есенцијално значење е да се создаде критична маса на едукатори, ментори и испитувачи која ќе го поддржи спроведувањето на високо – квалитетна едукација за здравствена заштита на сите полиња на учење: од програми со диплома (на пример: сестри и други сродни здравствени работници); додипломска програма (особено во стоматологија и медицина); стажирање и тековен пост – дипломски професионален развој.

***Препорака***

Спроведување на анализа на идните потреби за обука (АПО) за да се идентификуваат потребите за едукативен развој во рамките на трите професии. АПО треба да вклучи лекари, стоматолози и фармацевти кои работат на додипломска како и пост – дипломска едукација во здравствената заштита.

Треба да се разгледаат можностите за:

(а) спроведување на дополнителна програма за ОО за задоволување на потребите на оние кои работат со стажанти кои не беа во можност да присуствуваат на првите две програми
(б) спроведување на дополнителна програма за ОО за успешните учесници од двете први програми. Ова може да се фокусира на развојот на вештините во наставната пракса, опфаќајќи дополнителни методи на настава и учење и развивање на вештини за лидерство и управување во образованието.

(в) работење директно со факултетите за медицина, фармација и стоматологија во насока на прегледување на наставните програми и развојните активности во кои ќе се вградат активности за професионален развој и обука (видете исто така подолу)

**Односот помеѓу до - дипломските програми и стажирањата**
Иако овој проект се фокусира на професионалните развој на лекарите, стоматолозите и фармацевтите кои пружаат поддршка на стажантите во однос на нивната настава, учење и оценување, многу од учесниците исто така работат и со до – дипломски студенти. Освен тоа, стажантите произлегуваат директно од до – дипломското ниво. Од дискусиите и опсервациите, беа идентификувани одредени прашања, кои доколку се опфатат, можат да доведат до зголемена диференцијација помеѓу до – дипломските и пост – дипломските наставни програми и пристапи кон учењето.  Прашањата варираат помеѓу трите дисциплини / професии, и се опишани подолу.

Наставната програма за фармација на до – дипломско и пост – дипломско ниво се, за сега најмногу поврзани, главно поради тоа што факултетот и комората заеднички ја преземаат одговорноста за наставната програма и оценувањето. До – дипломската програма во фаза на ревизија и реформа како дел од проект на ЕУ и очигледно е дека ова има одредени ефекти во смисла на подобрување на наставата, учењето и оценувањето. Бројките вклучени во фармацијата се релативно мали, но сепак, постојат одредени корисни модели во смисла на управување и организација на наставата и оценувањето.

До – дипломската програма по медицина е во фаза на ревизија. Сепак, во моментов стажантите кои дипломираат по таа програма имаат недостатоци во клиничка пракса, искуство и вештини во споредба со други студенти на исто ниво во ЕУ и северна Америка, Канада и Австралија. Нивното теоретско знаење е добро но примената на теоријата во пракса и клиничката самодоверба се на ниско ниво. Бројот на наставници и клиничари вклучени во развојот на наставната програма, наставата и оценувањето е голем а истото важи и за бројот на студенти. Од овие причини, од витално значење е промените кои би се направиле да бидат целосни а не да опфаќаат само некои сегменти како и да бидат во склад со меѓународните најдобри практики во образованието по медицина.  Промените и реформите сигурно е дека ќе бидат постапни со треба да бидат планирани и тесно поврзани со развојот и реформите на периодот на стажирање и понатаму. Постои реален ризик до – дипломскиот и пост – дипломскиот период да не бидат ускладени, а ова во комбинација со здравствените реформи од широк обем и преминот кон систем воден од страна на примарната здравствена заштита, може да доведе до тоа младите дипломирани студенти и доктори да имаат многу разновидни искуства и на крајот може да доведе до оддалечување од професијата и пониски стандарди за нега на пациенти.

Образованието и обуката на стоматолози е различна од другите професии главно поради тоа што најголемиот број на стоматолози работат во приватна пракса по квалификувањето како, а исто така можностите за клиничка пракса и оценување за време на до – дипломскиот и период и периодот на стажирање се менуваат и стануваат поограничени. Стоматолозите се квалификувани да работат самостојно по завршувањето на периодот на стажирање. Ова е различно од трендовите на стоматолошката наставна програма на ОК на пример, каде стоматолозите се квалификуваат по пет години обука по дипломирањето и можат да работат

самостојно. Некои стоматолози спомнаа потешкотии во изнаоѓањето на простории и клиничари за оценување на стажантите на предвидениот начин и затоа би било потребно време за да се согледаат придобивките од поставување на целосно одделна програма за стажирање за стоматолози односно дали објектите, ресурсите и луѓето би можеле да се употребат поефективно со редизајнирање на наставната програма.

***Препорака***
Извршување на систематски прегледи на до – дипломските програми по медицина и стоматологија во светло на тековната и планираната практика на пост – дипломски нивоа како во светлото на планираните здравствени реформи и стратешки цели во здравството.

Прегледите на програмите треба да бидат сеопфатни и да ги имаат во предвид меѓународните најдобри практики во образованието по медицина и стоматологија; тие треба да разгледаат радикални опции за вршење на висококвалитетно учење за голем број на студенти (е – учење, учење базирано на проблеми, само насочено учење, за стоматолозите учење базирано на забарски стол) и во нив треба да се вгради едукација базирана на исходи со јасно идентификувани критериуми за оценување на различни нивоа. Наставните програми за периодите на стажирање треба исто така да бидат вклучени во прегледот за да се осигури непречена транзиција за оние кои дипломираат со исходите на постигнување на крајот на до – дипломскиот период и периодот на стажирање во согласност со истите во ЕУ, Америка, Канада и Австралија.

Прегледувачите треба да вклучат и анализа на потребите за обука на академскиот и клиничкиот персонал за да ги обезбедат човечките капацитети за спроведување на висококвалитетна професионална обука во здравството. Тие исто така треба да вклучат и анализа на препораките за спроведување на доследни и ефективни системи за осигурување на квалитетот и за подобрување како и за акредитирање на просториите за клиничка работа.

Прегледувачите исто така треба да вклучат и создавање на можности за споделување на практиките помеѓу како и во рамките на професионалните дисциплини со цел да се надградува и користи добрата практика која веќе постои во Македонија.

***Меѓу – професионално работење и учење***
Постои реална синергија помеѓу различните организации вклучени во процесите на управување и лиценцирање со високо – ефективно меѓу – професионално учење помеѓу сите учесници во програмата за ОО. Овој вид на меѓу – професионална развојна активност на пост – дипломско ниво, според моите познавања е единствена и би било добро да се сподели ова постигнување во рамките на меѓународен форум.

***Препорака***
Да се идентификуваат начини за опфаќање на ова учење, како во рамките на Македонија (на пример, преку развој на мрежи на едукатори, ментори и испитувачи или со тоа што коморите ќе продолжат тесно да соработуваат) така и преку објавување на овие постигнувања во странство, на пример преку статии во

професионални списанија за образование во здравството или преку презентации на конференции.

# Детални резултати од евалуацијата на програмата за ОО

**Број на пополнети обрасци за евалуација:**

**Едукатори 29**
**Испитувачи 22**
**Ментори 23**

**Општи информации**
Ние прашавме:
Општо земено, **курсот** беше интересен/корисен во смисла на:
- Содржина
- Организација
- Презентација и достапни информации

Одговорите се резимирани во подолните табели:

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 14 | 16 | | |
| Организација | 9 | 19 | 1 | |
| Презентација/достапност | 19 | 15 | | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 11 | 10 | | |
| Организација | 13 | 8 | | |
| Презентација/достапност | 15 | 6 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 15 | 11 | | |
| Организација | 18 | 8 | | |
| Презентација/достапност | 16 | 10 | | |

Ние прашавме:
Општо земено, сесиите за **настава во мали групи** беа:
- Добро организирани
- Корисни
- Со адекватна содржина
- Добро искуство за учење
- Добра можност за разговор со обучувачите

Одговорите се резимирани во подолните табели:

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 12 | 16 | | |
| Корисни | 8 | 22 | | |
| Со адекватна содржина | 6 | 15 | 1 | |
| Добро искуство за учење | 11 | 18 | 1 | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 11 | 13 | 2 | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 13 | 10 | | |
| Корисни | 12 | 10 | 1 | |
| Со адекватна содржина | 9 | 13 | | |
| Добро искуство за учење | 11 | 11 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 15 | 7 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 21 | 5 | | |
| Корисни | 15 | 11 | | |
| Со адекватна содржина | 17 | 14 | | |
| Добро искуство за учење | 10 | 19 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 20 | 6 | | |

На крајот, прашавме дали материјалите со презентациите за овој курс беа одлични, дали нивото на курсот беше соодветно, и дали, со посета на овој курс, се подигна нивото на доверба во програмата за ОО.

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 11 | 16 | 1 | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 11 | 27 | 1 | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 15 | 7 | | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 13 | 9 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 13 | 13 | 1 | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 17 | 6 | | |

**Прашавме: Дали се чувствувате дека овој курс ги задоволи вашите потреби за учење?**

**Едукатори**: Да (19), Не (0), Не пополнето (5) Делумно (5),

**Испитувачи:** Да (14), Не ( ), Не пополнето (5), Делумно (2)

**Ментори:** Да (16), Не (1), Не пополнето (6)

**Прашавме: Кои ТРИ аспекти на овој курс беа особено добри?**

**Едукатори:**

- Професионални разговори (1)
- Принципи на учење (1)
- Работење во мешани групи (1)
- Предавање во мали групи (22)
- Евалуација, оценување и осигурување на квалитетот (4)
- Вештини за презентирање (3)
- Вмрежување, размена на идеи, подобрување на знаењето и искуствата (5)
- Сопствен професионален развој (5)

- Отворени дискусии (2)
- Повратни информации (8)
- Комуникациски вештини (7)
- Наставни содржини, релевантност (6)
- Спонтаност и конкретен квалитет на наставата (1)
- Управување со времето (3)
- Развој на наставни програми (2)
- Материјали (2)
- Теорија (4)
- Вештини на настава, микро – настава (4)
- Студии на случај (1)
- Планирање на просториите (2)
- Вежби (3)
- Методи за оценување и евалуација (2)

**Испитувачи**:
- Сопствен професионален развој и планови за личен развој (1)
- Методи, техники и принципи на оценување, практична примена (18)
- Пробивачи на лед (1)
- Презентации (2)
- Давање и примање на повратни информации (8)
- Процес на учење, теорија, теорија за учење на возрасни (9)
- Работа во млади групи (5)
- Комуникациски вештини (5)
- Микро настава (2)
- Конструктивизам (1)
- Организација (4)
- Материјали (3)
- Визуелни помагала (2)
- Развој на исходи за учење (1)
- Наставниците (1)

**Ментори:**
- Комуникациски вештини (9)
- Јазик на телото и однесување (1)
- Презентации (5)
- Организација (7)
- Содржина (4)
- Нови методи за настава и учење (11)
- Методи на оценување (8)
- Охрабрување на независно мислење (2)
- Теорија за учење на возрасни (1)
- Од теорија во пракса ( 2)
- Принципи на учење и настава (4)
- Работа во мали групи (10)
- Микро настава ( 1)
- Интерактивни сесии (2)
- Стручност на наставниците (1)
- Управување со времето (1)
- Можност за рефлективно размислување (2)

**Прашавме: Што, ако има, треба најмногу да се подобри во однос на овој курс?**

**Едукатори:**

- Треба да биде помалку апстрактен во однос на методите на настава (2)
- Повеќе работа во мали групи (4)
- Повеќе за критериуми за оценување, поврзани со примена во пракса (3)
- Повеќе време, распределување во повеќе денови (5)
- Преведените материјали да се доставуваат однапред (1)
- Повеќе за комуникациски вештини (2)
- Подобро објаснување на задачите и подготовка на фасцилитаторите (1)
- Место (1)
- Ова е добро
- Повеќе за повратни информации

**Испитувачи:**

- Потребни се пократки паузи почесто
- Подобро објаснување на терминологијата (1)
- Проценка на исходите за учење (1)
- Практични примери и вежби (2)
- Потребни се преведените материјали однапред (2)
- Повеќе конкретни методи на оценување (1)
- Содржината е премногу набиенаl
- Курсот треба да биде подолг (1)
- Повеќе можности за вежбање (1)

**Ментори:**

- Попрактични теми, не сувопарно
- Пократки теоретски презентации
- Обидете се да опфатите помал обем (2)
- Повеќе конкретни примери (1)
- Потребно е повеќе време (2)

**Ние прашавме, дали имате други општи коментари?**

**Едукатори:**

- Помогна во градењето на доверба (1)
- Потребно е повеќе практично работење (1)
- Повеќе работа на комуникациски вештини и самоевалуација (1)
- Повеќе вакви курсеви треба да се организираат во иднина (1)
- Браво и ви благодарам (1)
- Ми се допаднаа програмските материјали (2)
- Потребно е повеќе интерактивна обука (1)
- Би сакал повеќе методи и модели (1)
- Многу корисно за нашето сопствено образование (2)
- Премногу информации во кратки сесии (2)
- Материјалите за курсот потребно е да се доставaт однапред (2)

**Испитувачи:**

- Повеќе практични вештини за испитувачите (2)
- Повеќе за критериумите за оценување (2)
- Повеќе да повратните информации (1)
- Воведување на искуства од други земји (1)
- Насоки за развивање на кодекс на облекување за студенти (1)

- Инструкции за спроведување на сесиите на микро настава (1)

**Ментори**
- Добро осмислена содржина
- Повеќе за испитувањето и оценувањето
- Би сакал да мислам дека сите мои колеги ќе имаат прилика да до посетат овој курс
- Повеќе за комуникациски вештини

**Прашавме, дали има некои теми кои би сакале да ги опфатиме во иднина?**

**Едукатори:**
- Потребно е повеќе за методологијата на наставата
- Повеќе практични примери

**Испитувачи:**
- Искуства од успешни образовни програми
- Критериуми за оценување
- Вежби да се зголеми довербата

**Ментори:**
- Потребен е курс за нови ментори
- Треба да се опфатат вештини за консултирање (2)
- Работа во поголеми групи
- Ве молам продолжете
- Многу професионално
- Треба повеќе време за предавање на одличните материјали
- Треба да се вклучи информатика и бази на податоци
- Треба да се биде конкретен со менторите
- Им благодарам на презентерите и организаторите

# Анекс 1

## Ажуриран работен план и клучни меѓници

| **Датуми 2006** | **Клучни активности** | **Резултати** |
|---|---|---|
| 26 – 31 март<br>(7 дена) | Почетна посета | Воведен извештај<br>Работен план<br>Рамка за програмите за обука |
| 14 – 19 мај<br>(6 дена) | Консултации со здруженијата, коморите и избраните координатори<br>Пон 15 – состанок на работна група 1400<br>Вто 16 - претпладне, работилница, време ДСП<br>Сре 17 – информативни состаноци со сите групи на едукатори, испитувачи и ментори<br>Набљудување на испитот за лиценцирање (Лекари) | Извештај од посетата<br>Финализирани програми за обука<br>Детални материјали за обука: работни книги и презентации |
| 19 – 23 јуни<br>(5 дена) | Циклус 1 – Обука на испитувачи, едукатори и ментори<br>Преглед на обуката и финализирање на вториот циклус во смисла на содржина и материјали | Извештај од посетата<br>Едукаторите, испитувачите и менторите присуствуваа на првата програма за обучување<br>Ревидирани материјали за обука |
| 22 – 28 септември<br>(7 дена) | Циклус 2 - Обука на испитувачи, едукатори и ментори<br>Набљудување на оценувањето за лиценцирање<br>Состанок со дел од едукаторите и менторите за да се оцени напредокот и потребите за развој | Извештај од посетата<br>Прва група на обучени едукатори, ментори и испитувачи |
| Декември 3 – 8<br>(6 дена) | Прегледување на програмите за стажирање<br>Набљудување на оценувањето за лиценцирање од страна на фармацевтската комора<br>Циклус 3 – Обука на втора група на испитувачи, едукатори и ментори (околу 75 учесници) | Извештај од посетата<br>Едукаторите, испитувачите и менторите присуствуваа на втората програма за обучување<br>Група на фасцилитатори од првата група работена заедно со консултантите од ОК за да ги развијат вештините. |
| Февруари 11 – 16<br>(6 дена) февруари) | Последна посета<br>Набљудување на | Конечен извештај<br>Вклучува преглед на процесот и |

| | |
|---|---|
| стоматолошкиот испит за лиценцирање (ДСП) | препораки за подобрување и тековни активности |
| Циклус 4 - Обука на втора група на испитувачи, едукатори и ментори (околу 75 учесници) | Втора група на обучени едукатори, ментори и испитувачи<br>Група на фасцилитатори од првата група работена заедно со консултантите од ОК за да ги развијат вештините. |